# По повод тврдењата за мешање од страна на Република Македонија

На 20-ти Август 2004, Петок, дневниот весник Елефтеротипиа објави статија со наслов"Три организации на македонски малцинства бараат признавање од Скопје."Во статијата, презентирана како вест од Софија се вели:"Три организации бараат од властите во Скопје да подржат одржување на интернационален состанок чија цел е признавање на тие малцинства во рамките на Охридскиот Договор кој ги гарантира правата на албанското малцинство во БЈРМ. Бугарската новинска агенција Фокус објави дека лицата Иван Гагавенов од организацијата ОМО Илинден од Бугарија, Ѓорѓи Доневски од Виножито - Грција, Кимет Фетаху - делегат на Славомакедонците во Албанија, барале од властите во Скопје да го третираат Охридскиот Договор како репер за правата на Македонците во Бугарија, Грција и Албанија. Освен тоа тие барале право да гласаат и можност за поседување на македонско државјанство. Знаеме дека Грција и Бугарија не го признаваат македонското малцинство".

Според тоа го изјавуваме следново: Лицето Ѓорѓи Доневски, кој според статијата се смета за член на Виножито, нема никакви врски со партијата. Освен тоа Виножито никогаш не барал мешање од Владата на Република Македонија во врска со правата на македонското малцинство во Грција. Понатаму цитираме извадок од Политичкиот Манифест на Виножито:

"што се однесува до Балканот, сметаме дека кругот на етничката еманципација на балканските нации е завршен со создавањето на соодветните држави кои се разбира, имаат национални малцинства во рамките на нивните граници. Затоа ние веруваме дека националните малцинства на балканските земји треба да усвојатназависна политика кога е во прашање докажувањето и унапредувањето на нивните права. Ние извлековме поука од бивша Југославија каде во блиското минато националните малцинства станаа инструменти на експанзионистички идеи и

соодветни политички потези со уништувачки последици за самиот народ. Не само што националните малцинства на Балканот не треба да играат таква улога, туку тие треба да ја зајакнат меѓусебната доверба со сите граѓани на земјите во кои живеат. Тие ја имаат одговорноста да го уверат мнозинството дека со борбата за остварување на нивните права не се стремат да ги сменат државните граници кои мораат да останат неповредени. На овој начин националните малцинства можат потполно да учествуваат во демократските процеси, давајќи пример за стабилна, конструктивна соработка помеѓу државите и нивните народи".

Виножито постојано и повеќекратно потврди дека проблемот на македонското малцинство во Грција мора да се решава низ дијалог помеѓу претставници на владата на Грција и македонското малцинство врз основа на принципите на конвенциите што владеат на ниво на Европа. Основата на таков дијалог може да биде Рамковната Конвенција на Советот на Европа за Правата на Малцинствата, кој Грција го потпиша 1997 но за жал сеуште не го потврдила. Ова само го потврдува фактот дека Грција има демократски дефицит по ова прашање.